РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 11.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5599/1 | 0 | |

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, поднесуваме *Предлог на Закон за дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев______________

Борислав Крмов______________

Реџеп Исмаил______________

Јована Мојсоска______________

Амар Мециновиќ______________

Сашко Јанчев______________

Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

септември 2026 година

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

*Законот за шумите* (Сл. весник на РМ бр. 64/2009 и 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16, 147/17, 274/22, 255/24, 59/25, 58/26, 134/26) ги уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето (во натамошниот текст: стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

Законот за шумите беше донесен во 2009 година, четиринаесет пати изменуван и дополнуван – во 2011, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2022, 2024, 2025 и 2026 година, за да ги обезбеди следните цели:

1) трајно да се сочува површината под шума, да се зголеми нивната вредност и да се обезбеди најголем прираст според природните услови на месторастењето и
2) да се обезбеди одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кој трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на сегашниот и идниот развој на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, притоа да не се наруши екосистемот.

Предложеното дополнување на Законот за шумите е непоходно поради заштита и чување на шумите како природно богатство и обезбедување одржливо стопанисување на шумите преку дестимулација за подметнување на шумски пожари и создавање законски услови за ревитализација на шумите во местата кои биле зафатени и оштетени од пожари.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за шумите се заснова на истите начела на кои се занова основниот текст на Законот за шумите, со цел заштита и чување на шумите како природно богатство, со конкретни цели ревитализација на шумите во местата кои биле зафатени и оштетени од пожари и дестимулација за подметнување на пожари.

### III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлогот на Закон за дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите (Сл. весник бр.64/2009, 24/2011, 53/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015, 44/2015, 147/2015, 7/2016, 39/2016, 147/2017, 274/2022, 255/2024, 59/2025, 58/2026, 134/2026) во член 13 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Забранета е било каква урбанизација, градење на објекти, поставување фотоволтаични централи и сеча на дрвја на земјиште чија површина била зафатена со шумски пожар во наредните 50 години по гасењето на пожарот.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Законот за шумите ги уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето (во натамошниот текст: стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

Со членот 1 се врши дополнување на членот 13, односно се додава став (3) кој има за цел дополнување на законските услови за одржливо стопанисување со шумите преку воведување на нова забрана односно на воведување забрана за градење на објекти и сеча на дрвја на земјиште чија површина била зафатена со шумски пожар во период од 50 години по гасењето на пожарот. Со ваквата одредба освен што се штитат и чуваат шумите како природно богатство, се создаваат услови за ревитализација на опожарените шумски појаси, а пред се се дестимулира подметнување на шумски пожари.

Членот 2 го предвидува денот на влегување во сила на законот без вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се обезбеди ревитализација на шумите во местата кои биле зафатени и оштетени од пожари и дестимулација за подметнување на пожари.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД**
**ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ**
**КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ**
(ИЗВОД)

II ОДРЖЛИВО СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

**Забрани**

Член 13

(1) За да се оствари одржливо стопанисување со шумите забрането е:
- пустошење и копачење на шуми;
- трајна пренамена на шумско земјиште;
- чиста сеча која не е одобрена како редовна мерка за обновување на шумата во планските докуметни;
- секоја сеча која не е во согласност со планските документи;
- активности во заштитените подрчја кои не се во согласност со планските докуметни за заштитените подрачја;
- сеча на ретки и заштитени видови на дрвја;
- подбелување на стебла освен за потребите за обнова и нега на шума;
- напасување, брстење на кози и друга стока и желадење без дозвола;
- собирање на листинец, хумус и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загорзува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции;
- самоволно присвојување на шума, уништување или оштетување на ознаки и гранични знаци;
- депонирање на отпад, отровни супстанции и друг вид на материјал во шума;
- други работи кои го намалуваат приносот на шумите и ја загрозуваат нивната функција;
- сеча на семенски стебла и насади и чисти сечи кои не се предвидени со посебниот план, освен при изградба на објекти, согласно со овој закон;
- палење и опожарување на шума;
- бесправна сеча на шума;
- лупење кора од стебла;
- уништување или оштетување на подмладок во шума или на садници во пошумени сечишта;
- спроведување на активности со кои се интенивираат процесите на ерозија и други процеси на деградација на земјиштето;
- кастрење на стебла за лисничарење спротивно на планските документи;
- намерно отстранување и намалување на популациите на другите шумски производи или нивно уништување на кој били начин и
- смоларње.
-

(2) Без дозвола на сопственикот, односно корисникот на шуми, забрането е:

- подигнување на привремени објекти, шатори и организирање на кампови;
- организација на масовни собири кои можат да предизвикаат штета на шумите;
- постапување на кошници за пчели;
- собирање на други шумски производи (печурки, плодови, лековити растенија, полжави и друго) во колични поголеми од 1 килограм;
- поставување на информативни табли и ознаки;
- поставување на огради;
- движење на моторни возила надвор од патиштата, освен за службени потреби;
- движење во затворени и забранети подрачја, патишта, опитни површини и деловни објекти и
- движење на површини на кои се изведуваат шумски работи и други деловни активности (пошумување, сеча, изградба на објекти, лов и друго).